Утрински Весник

Број 2961 понеделник, 13 април 2009





SHARE

Поглед

# Можело и поинаку

Билјана Ангеловска

Скопјани во саботата протестираа за да можат да протестираат. За да имаат право на протест, право на свое, па макар и различно мислење, за да имаат слобода на говорот. Се собраа на плоштадот во главниот град и под мотото „Плоштад слобода" одржаа мирен граѓански собир, онака како што се прави тоа во цивилизираните држави. Сосем спротивно на протестот од пред две недели, кога се случи нешто не смееше да се случи, кога беше задушено првото архитектонско востание.

Можеби за некого е сосем нормално оној против кого се крева востание да стори се' за да го задуши тоа востание и да ги казни тие што се дрзнале да мислат и дејствуваат поинаку. Но, тоа е така за вистинските востанија што се водат со оружје. Во Скопје востанието беше поразлично, оти востаниците не пукаа со куршуми, туку со транспаренти и говор. Во скопското востание оружјето беше заменето со пароли, кои некому не му се допаѓаа, па одлучи да ги казни востаниците. Така беше пред две недели.

Завчера, пак, не. И завчера имаше востание, но овој пат не архитектонско, ами граѓанско, сенародно. Но, сега востанието не беше против изградба на црква, туку против силување на демократијата. И, сега, се покажа дека можело и поинаку. Дека можело да се води востание без насилство, без обвинувања. Дека можело да се води востание со музика и со игра. Младите го покажаа и докажаа тоа. А оние против кои беше насочено востанието (сами си знаат кои се) овој пат стоички го поднесоа протестот и го слушнаа гласот на народот. Слушнаа дека некој има поразлично мислење, но дека „не боли" ако се чуе тоа, видоа дека слободата и демократијата, сепак, можат да одат „во пар", а дека борбата меѓу различните ставови може и треба да се води на друго место. И на поинаков начин. Цивилизиран.

Статијата е прочитана 462 пати.

Испрати коментар

Од: ПРИЈАТЕЛ НА ШУТРАЦИТЕ

Датум: 13.04.2009 01:59:29

Бидејќи на повеќе места го обработувате студентскиот протест дозволете и јас два пати да искоментирам фрлајќи акцент присаството опозициона кавалкада на протест.Присаството на политичкиот младинец од 70 десетина години,разбушавениот соросовец потоа на радост на домашната и светска јавност опоравениот губитник на изборите и останала опозициска братија ги еутаназира протестите. сакам да знам како се осеќаат студентите,дали измамени или пак возвишено што се подржани од горе наведените политиканти. Како



Иако е пролет, патот за Галичник затрупан со снег
Војската во Тајланд употреби оружје за да ги растера демонстрантите
Центарот на Скопје доби десет нови скулптури
Ни трага ни глас од ограбувачите на Прокредит
Гласачите на Љубе во вториот круг го честеа Иванов
Иванов со името ќе се прослави или посрами
Скопјани протестираа за право на различно мислење
Студентската сила и моќ
Сите надежи на Цаноски се во Управниот суд
Безбедноста на рударите е инвестиција, а не трошок
Општествената природа на економската криза (2)
Не грижете се, ќе биде полошо!

Прашај го „Утрински"
Одговара: уредничката на Скопска Билјана Ангеловска
Најчитани 10 во 10 дена
ГЛОБУС ON-LINE
Bank
МАТИЦА НА ИСЕЛЕНИЦИТЕ ОД МАКЕДОНИЈА
nexisense WebBuilder
Почни со „Утрински"
XML
sitemeter